Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Туризам

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс
(046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk

**Општина Охрид**

Врз основа на Годишната програма на Секторот за туризам и локален економски развој за 2025 година, од Г2 програмата за потикнување на развојот на туризмот, предвидено е субвенционирање на дел од уплатената туристичка такса, која ја уплаќаат физичките лица кои вршат угостителска дејност во општина Охрид. Согласно истата и донесениот Правилник за субвенционирање- (начинот и видот) на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност бр.09-14929/1 од 05.11.2025,општина Охрид објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊА ЗА ДОБИВАЊЕ СУБВЕНЦИИ НА ДЕЛ ОД УПЛАТЕНАТА ТАКСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ТУРИСТИ ЗА ПЕРИОД

**01.01.2025 – 01.12.2025**

**Цел:** Целта на оваа активност е поттикнување на физичките лица кои вршат угостителска дејност и се запишани во регистарот кој го води Градоначалникот на општина Охрид согласно член 4 од Законот за угостителска дејност, редовно и навремено да ја подмируваат туристичката такса, со што се очекува добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања. Дополнително ваквата активност ќе придонесе кон подигнување на квалитетот на сместувачките капацитети.

**Вкупен износ:** Вкупниот износ на субвенциите не смее да го надминува предвидениот износ одобрен во Програмата Г2 за тековната година. Во случај на пристигнати барања за субвенции во вкупен износ поголем од предвидениот со Годишната Програма,изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите ќе се прави редоследно според поднесување на барања во архивата на општина Охрид.

**Краен рок:** Крајниот рок за пријавување е **01.12.2025 год.**

**Право на учество:** Право на субвенционирање на ТПП имаат сите физички лица вршители на угостителска дејност од мал обем во општина Охрид кои:

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Туризам

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс
(046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk



• се регистрирани во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност за сместување и поседуваат Решение за упис во регистарот;

• поседуваат важечко Решение за извршена категоризација на сместувачкиот објект;

• уредно ја уплатиле таксата за привремен престој на домашни и странски гости.

**Потребна документација:**

• Барање за субвенционирање на ТПП (образец составен дел од овој Јавен повик);

• Копија од Решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност;

• Копија од важечко Решение за извршена категоризација тековното и претходно издаденото;

• Книгите за евиденција на домашни и странски гости (на увид по барање на Комисијата);

• Копија од уплатници за извршена уплата на ТПП (истите треба да одговараат на субвенционираниот период и бројот на остварени ноќевања за тој период според книгите за евиденција за домашни и странски гости);

• Листа на лица евидентирани во книгите за домашни и странски гости (Образец ТПП составен дел од овој Јавен повик);

• Копија од трансакциска сметка од носителот/сопственикот на кој гласат решенијата за упис и категоризација.

**Начин на субвенционирање:** Подносителот на барањето за субвенционирање на ТПП за остварени ноќевања потребната документација ја доставува преку архивата на општина Охрид до Комисијата за субвенционирање на туристичка такса при општина Охрид, со назнака:

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊА ЗА ДОБИВАЊЕ СУБВЕНЦИИ НА УПЛАТЕНАТА ТАКСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ТУРИСТИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2025 – 01.12.2025.**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Туризам

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс
(046) 262-492/493
www.ohrid.gov.mk

**Општина Охрид**

**Висина на субвенции:** Висината на Субвенцијата на ТПП ќе изнесува 80% од вкупната уплатена такса за привремен престој по основ на вкупниот број на остварени ноќевања за периодот од **01.01.2025 – 01.12.2025** година,(имајќи во предвид дека 20% од уплатата оди на буџетот на РСМ)

**Исплата на субвенции:** Субвенцијата на ТПП се пресметува и исплаќа во мк денари со вклучен персонален данок на доход.Општина Охрид пресметаниот износ на субвенцијата ја уплаќа на трансакциска сметка на носителот/сопственикот на кој гласат решенијата за упис и категоризација,доколку ги исполнува условите наведени во правилникот и јавниот повик и тоа редоследно се до целосно исцрпување на расположливите средства.

**Напомена:**

Начинот и видот на субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност во општина Охрид е пропишан со Правилник за субвенционирање-(начинот и видот) на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност со бр. 09-14929/1 од 05.11.2025г.,кој влегува во сила по потпишување од страна на Градоначланикот на општина Охрид, а ќе биде објавен во Службен гласник на општина Охрид. Барањата кои се доставени по истекот на рокот предвиден со овој Јавен повик или Барањата кои се неуредни и нецелосни согласно Правилникот за субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителската дејност според член 3 и член 5, **се одбиваат**.

Изготвил:
Весна Ангелеска Целеска

Контролирал:
Раководител на одд.за Туризам
Кифни Усеини

Одобрил:
Раководител на Сектор за ТЛЕР:
М-р Ѓоко Апостолов

**ОПШТИНА ОХРИД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Кирил Пецаков**